SCOUTS

Создаваме подобар свет

Годишен Извештај

За работата на Сојузот на извидници на Македонија во 2017 година

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија

Јануари 2018


СОЮЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА

Почитувани,

Овој извештај ги содржи активностите на СИМ, неговите органи и неговите членки, кои определени настани и активности ги пријавиле и спровеле во името на СИМ во периодот од 01.01.-31.12.2017 год. Во периодот 2016/2017, сојузот броеше 23 членки од кои 14 полноправни и 9 придружни. Членството на СИМ достигнува бројка од над 2000 извидници.

Мисија

Мисијата на Сојузот на извидници на Македонија е да придонесе во образованието на младите луѓе, низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Визија

Сојузот на извидници на Македонија е релативна, атрактивна и самоодржлива организација која обединува млади луѓе преку современа и прогресивна програма која ги исполнува општествените потреби на младите во Р. Македонија и го гради нивниот карактер врз база на позитивните извиднички вредности и принципи

Основни активности на Сојузот на извидници на Македонија

- Неформално образование за младите луѓе користејќи го извидничкиот метод.
- Атрактивна програма за млади со многу активности во природа кои ќе обезбедат развој на интелектуален, психички, духовен, социјален, карактерн и емотивен аспект на секој млад човек.
- Промовирање на активно граѓанство.
- Промовирање на младински активизам и иницијативизам.
- Поддршка во развој на заедницата на локално и национално ниво.
- Промоција и практикување на демократија и човечки права преку стимулативни средби и процеси.
- Поддршка на други младински организации, младински мрежи и заедничка работа со институции.



Таргет група (целна група)

Членови на Сојуз на извидници на Македонија се: деца, млади луѓе и постари луѓе. Со комплетирање на програмата на одредите и Сојузот на извидници на Македонија тие земаат активно учество во активности во нивната заедница и помагаат во зголемување во квалитето на живеењето.

Листа на извиднички (поречански) одреди регистрирани во периодот 2017 година:

1. И.П.О. Галеб - Скопје
2. И.П.О. Јадран - Скопје
3. И.О. М.М.-Брицо - Скопје
4. И.О. Браќа Миладиновци - Скопје
5. И.О. Илинден - Скопје
6. И.О. Димитар Влахов - Скопје
7. И.О. Гоце Делчев - Св.Николе
8. И.П.О. Крсте Јон - Струга
9. И.О. Мирко Милески - Кичево
10. И.Е.О. Пионер - Охрид
11. Прв Скопски Извиднички Одред - Скопје
12. И.О. Н.Н.- Борче - Крива Паланка

Придружни членки

1. И.О. Марково Крувче - Скопје
2. И.О. Феникс - Прилеп
3. И.О. Илирија - Желино
4. И.О. Калкан - Тетово
5. И.О. Зага - Скопје (Примен под назив ОГС)
6. И.О. Ластовица - Кочани
7. И.О. Стара Корија - Крушево
8. И.О. Просперитет - Скопје
9. И.П.О Сидро - Скопје
10. И.О. Башкими - Зајас
11. И.О. Скаут - Куманово

ЧЛЕНСТВО 2017



11% РАЗВИГОРЦИ (7-11)

27% ИЗВИДНИЦИ (11-15)

22% ИСТРАЖУВАЧИ (15-18)

23% РОВЕРИ (18-29)

17% СЕНИОРИ (29+)

23 ОДРЕДИ



2145 ЧЛЕНОВИ

0000
ИСПРАТЕНИ МЕЈЛОВИ





0000
ИСПРАТЕНИ ПИСМА

0000
ИЗВОЗЕНИ КИЛОМЕТРИ





0000
ИЗДАДЕНИ ПУБЛИКАЦИИ

0000
ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ





0000
НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

0000
ВОЛОНТЕРСКИ ЧАСОВИ





0000
ОСТВАРЕНИ ПОВИЦИ

0000
ИСПИЕНИ КАФИЊА





0000
ЗАПАЛЕНИ ОГНИШТА

0000
ПОДАИГНАТИ ШАТОРИ





0000
ПОСЕТИ НА WEB СТРАНА
И FB СТРАНА



0000
МЛАДИНСКИ НАСТАНИ



Работата на органите на Сојуз на извидници на Македонија и нивните членови

Собрание на СИМ

Редовно годишно собрание

Собранието на Сојузот на Извидници на Македонија се одржа на ден 22.04.2017 година во Извидничкиот Центар Катлановска Брезица, во близина на Скопје.

На Собранието беа поканети да присуствуваат вкупно 59 делегати од 14 Извидnички Одреди од целата република како и останати гости. На Собранието присуствуваа 32 делегати.

Седницата на Собранието започна со презентација на Годишниот извештај од страна на Асистент Генералниот Секретар за работата на Канцеларијата извршена во 2016 година, која беше надополнета од претседателот на Надзорниот Одбор. Извештајот ја презентираше успешната и плодна година и најзначајните достигнувања во раст на организацијата и консолидирање на организацискиот буџет. По презентацијата Собранието заклучи дека 2016 година беше успешна година во сите полиња за Сојузот.

На седницата исто така се презентираше програмата Компас и нејзините дополнувања.

Извидничкиот Одред Наум Наумовски Борче и Извидничкиот Одред Феникс Прилеп станаа полноправни членки на СИМ а Извидничкиот Одред`` Стара Корија`` од Крушево стана 23-тиот член на Сојузот на Извидници на Македонија.

Собранието разговараше и за Извидничката Лига и нејзините пропозиции со заклучок дека треба да се работи на подобрување на истите во текот на годината.

Старешинство на СИМ

Во оваа 2017 година Старешинството на СИМ оддржа 5 (20% помалку од 2016 продолжувајки го трендот на ефективно работење) седници преку кои управното тело на Сојузот на извидници на Македонија успешно ја водеше организацијта и носеше одлуки во својот домен дефиниран со Статутот на СИМ.

Старешина на СИМ (од 2013 година): Огнен Стефановски.

Членови на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија:

Јане Илијески, Влатко Влахчев, Бобан Москов, Снежана Јанковиќ, Мијо Стојановски и Елвис Тодоровски. (по редослед)

Седниците на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија траеа вкупно 12 часа или во просек една седница траеше 144 минути. Членовите на Старешинството покажаа редовност и посветеност во текот на годината така што 4 членови на Старешинството немаат пропуштено седница, 2 членови не присуствувале на 2 седници и 1 член нема присуствувано на 4 од 5 седници. Редовноста и посветеноста овозможи Старешинството да функционира редовно без проблеми да се оствари кворум за работа.

Најчеста точка на дневниот ред на седниците на Старешинството во 2016 година беше Тековни активности и Извидник ДООЕЛ.

Во 2016 година Старешинството беше постојано вклучено во следењето на имплементацијата на Стратегијата на СИМ и во имплементирањето на проектните активности.

Согласно стратегијата во работата на Старешинството се воведува нов механизам со кој секој од членовите на Старешинството ќе има приоритетна област на која ќе работи заедно со секретаријатот и Бирото на СИМ. Овој модел ќе започна да се применува од 2017 година.

2017 та година ќе ја помниме како една од поуспешните години на Бирото на СИМ.

Слободан Јаневски беше назначен за нов Началник на Бирото на СИМ. Поради тоа што останатите комесари останаа непроменети, постојано беше видливо подобрување и зајакнување на Бирото и неговата ефикасност во работата. И покрај одличната работа на Бирото сепак не беа видливи големи промени во работата на комесаријатите.

Како поактивен комесаријат се јавува програмскиот, кој продолжи и во 2017 година активно да работи на програмата. За разлика од претходната година, оваа немаше толку голема вклученост од самите членови, туку повеќе од одредите.

Во текот на 2017 година пилот програмата беше публикувана и спроведувана во секој одред низ Македонија, па членовите беа ангажирани околу контрола при спроведувањето и евалуација за време на истото. Иако веќе постоеше програма сепак членовите продолжија со засилено темпо да работат и на нови активности кои понатаму ќе се спроведуваат од страна на одредите, а и полека се спремаа за ревизија на програмата, по што ќе се официјализира и применува од сите извидници во Македонија.

Интернационалниот комесаријат продолжи и оваа година да ги остварува замислените цели, па дури и надминува во одредени случаи. Со новите партнерства, зајакнатата комуникација со постоечките врски, односно другите сојузи, кои помогнаа да повеќе од 170 извидници учествуваат во интернационално искуство, било тоа извиднички камп во Македонија или надвор, или пак настан од поголеми размери, очигледно е дека работата на комесаријатот е исклучително активна.

Сеуште неоформени останаа комесаријатот за обука на кадри и односи со јавност, но нивната работа како и досега беше превземена од страна на канцеларијата на СИМ. Имено, во канцеларијата на СИМ беа примени нови вработени конкретно за овие задолженија, па недостатокот од комесаријати беше пополнет од страна на канцеларијата која повеќе од успешно ја превзема и исполни оваа обврска. СИМ започна активно да ги користи сите канали за комуникација, интерни и екстерни што е само зачетокот на работата која канцеларијата ја извршува.

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија

Генерален секретар на СИМ

Горан Ѓорѓиев

Во 2017 година канцеларијата на СИМ работеше постојано давајќи подршка на останатите органи на СИМ и вршејќи ја својата административна и финансиска должност. Генерално канцеларијата функционираше на нивото на зададените задачи и успешно ја менаџираше работата и комуникацијата во организацијата.

Од финансиски аспект како тело кое во моментов е задолжено за прибирање на финансии и финансиското работење на извршните тела на Сојузот на извидници на Македонија во 2017 година беше остварена предвидената финансиска рамка.

Во канцеларијата на СИМ во 2017 година како асистенти и волонтери работеа дополнително 10 лица со оглед на потребата да се одговори на обемот на зададените задачи.

Влатко Костовски - Асистент за комуникација
Ангела Николиќ - Асистент за комуникација (до Септември 2017)
Анастасија Николовска - Асистент за финансии
Никола Уневски - Асистент за координација на волонтери
Виктор Петрушевски - Раководител на Извиднички Центар Охрид
Павел Пападимитров - Асистент за Брендинг и дизајн
Метју Франсоа - Асистент за диверзитет и вклученост
Магуелоне Ауран - Француски асистент за меѓународна соработка
Николче Костовски - Регионален Координатор на Југозападен регион (од Декември 2017)
Алекс Фам - Асистент од Мировен Корпус (од Декември 2017)

Надзорен одбор на Сојуз на извидници на Македонија

Надзорниот одбор држеше 2 седници и репортираше пред Собранијата.

Членови на Надзорен Одбор:

Никола Гроздановски,

Драган Ристовски и

Живко Миладинов.

Управител на Извидник ДООЕЛ

Извидничкиот центар во Охрид како најголем извиднички центар, во 2016 година беше централно место за реализирање на настаните и обуките на Сојузот на Извидници на Македонија.


Извидничкиот центар во Охрид во 2017 година оствари успешна година.

Со центарот менаџираше канцеларијата на СИМ на чело со Виктор Петрушевски, Управител на Извидник ДООЕЛ.

Во 2017 година се организираа 3 големи интернационални кампови како и повеќе извиднички летни кампови на извидничките одреди во Македонија.

Во центарот беше воспоставена волонтерска работа и вкупно 24 волонтери активно работеа на програмите и на операциите на центарот.

Во извидничкиот центар продолжи да се инвестира во уредување на истиот и финансиски центарот имаше позитивна сезона целосно постигнувајќи ја предвидената рамка.



Реализирани активности на СИМ за 2017 година

Традиционални и тековни активности

Прослава на 22 Февруари, Денот на извидниците

Како и секоја година, Сојузот на извидници на Македонија ги започнува своите активности со Денот на извидниците односно 22ри Февруари.

Традиционално ги оддржуваме нашите 3 активности:
- Организирање на активности за најмладите членови
- Дарување на крв - во соработка со Црвен Крст на Македонија
- Направи добро дело (хуманитарни активности) - поддржано од Civica Mobilitas

Одбележувањето се оддржи на 26 февруари каде голем број на извидници свечено го отворија настанот на плоштадот Македонија во центарот на Скопје, а потоа со марш се упатија кон средно Водно. Таму нашите членови беа пречекани со топло чајче, музика и секако организирани забавни активности. Целата активност беше поддржана од Civica Mobilitas.

Дарувањето на крв од неодамна стана наша традиција и горди сме да кажеме дека секоја наредна година не има во се поголем број. Активноста се оддржа во соработка со Црвениот Крст на Македонија, во повеќе градови низ републиката и беше многу успешна со тоа што крв даруваа повеќе од 300 извидници и пријатели.

Најголемата активност при организирање на 22ри февруари беше активноста Направи добро дело која беше низа од хумани активности организирани од страна на нашите одреди а поддржани од Civica Mobilitas. Хуманите акции поминаа во најдобар можен ред и беа многу успешни.

Речиси сите одреди учествуваа во активноста а дел од активностите беа:

- Донирање на хуманитарна помош на социјално загрозени семејства
- Посета и донирање на хуманитарна помош во неколку домови за деца без родители, училишта за деца со посебни потреби, домови за изнемоштени лица и други установи.
- Набавување на училишен прибор
- Делење храна на гладни лица низ скопските улици
- Садење дрва во неколку општини


направи добро дело
SCOUTS
CIVICA


НАПРАВИ
ДОБРО ДЕЛО
НАПРАВИ
ДОБРО ДЕЛО
НАПРАВИ
ДОБРО ДЕЛО
направи добро дело
SCOUTS
CIVICA




направи добро дело
SCOUTS
CIVICA


ДЕН НА ИЗВИДНИЦИ
SCOUTS


направи добро дело
SCOUTS
CIVICA


SCOUTS
CIVICA


ДЕН НА ИЗВИДНИЦИ
SCOUTS

ШКОЛА ЗА ОРИЕНТАЦИЈА

Од 3ти до 5ти март во Извидничкиот Центар во Охрид се одржа Школа за ориентација, на која учествуваа извидници од цела Македонија.

Школата за ориентација беше поделена на две нивоа, односно на основен и напреден курс. Оние кои за прв пат учеа за ориентација се запознаваа со топографијата, бусолата и учеа како се црта интинерер и пишува извештај. На напредниот курс освен што ги повторија основите на топографијата, извидниците се запознаа и со материјалите кроки, профил, скица и извештај.

Овој настан беше организиран со цел, извидниците да се запознаат со ориентацијата и да започнат со припремите за Извидничката Лига и првото коло кое ќе се случи во април.

Заедно со припадниците на Армијата на Република Македонија и нашите волонтери и инструктори, беа организирани и реализирани едукативните и интерактивни сесии.

На Школата за ориентација пристигнаа повеќе од 100 извидници, дојдени да научат што повеќе за ориентацијата, а си заминаа повеќе од 100 извидници подготвени за на стаза, со знаење да ракуваат со мапа и бусола и подготвени за натпреварување на извидничката лига.





Сојуз на извидници на Македонија како дел од својот проект за поддршка на извидничките одреди и нивно зајакнување, кој е поддржан од страна на Civica Mobilitas, го организира настанот Сојузување.



Сојузување е настан кој СИМ го организира чија цел е извидниците и младите да доживеат една заедничка авантура на планина за време на која ќе имаат можност да се стекнат со нови искуства и која ќе им овозможи на младите да се запознаат со извидништвото во Македонија преку активности и дружење.

Повеќе од 40 млади учествуваа на активностите кои беа дел од овој настан, и тоа од ИО Феникс Прилеп, ИПО Јадран, ИПО Галеб, ИО Браќа Миладиновци, ИО Мирко Милески од Кичево, ПСИО, ИО Пионер од Охрид како и млади од градовите Штип, Кичево, Скопје и Прилеп.
Активностите кои беа дел од агендата на овој настан опфатија рафтинг на реката Вардар од Зелениково до Велес, хајк, стреличарство и други игри и активности.

Преку ден активности, а навечер логорски оган, гитара и песна во дворот на Извидничкиот Центар Градовци, каде беа сместени во шатори сите учесници на Сојузување.

Овој настан беше поддржан и од Армијата на Република на Македонија кои ни помогнаа за време на рафтингот како и останатите активности.




Тренинг за тренери

Тренинг за тренери започна на 22ри март, во Извидничкиот Центар во Охрид.

Целта на овој настан, односно оваа обука е да се оспособат младите лидери и тренери со вештини за коедукација, мотивирање на водачи и поддршка на спроведување на извидничка програма со што во своите одреди ќе играат активна улога во поддршката на водачите во имплементацијата на младинската програма и нивна мотивација.

На Тренинг за Тренери како учесници присутни се извидници од 5 различни одреди, и тоа ИО ``Гоце Делчев`` од Свети Николе, ИО ``Мирко Милески`` од Кичево, ИПО ``Јадран`` од Скопје, ИО ``Феникс`` од Прилеп и ИО ``Пионер`` од Охрид.

Тренинг за Тренери е поддржан од Швајцарската Амбасада во Македонија.



И.П.О. Јадран - Скопје - Поздрав на пролетта

Како и секоја година, извидничките акции започнуваат со еднодневната акција на Извидничко Поречанскиот Одред Јадран од Скопје.

Оваа година акцијата се оддржа во градскиот парк во Скопје каде што целата акција беше базирана на активности на вода.

Натпреварувачките дисциплини беа пловидба, слалом на вода, одврзување на мокро јаже, пренесување на вода и слично.



На акцијата учествуваа повеќе од 200 извидници од неколку извиднички одреди, конкуренцијата беше помеѓу вкупно 25 екипи на која прво место зема екипата Галеб 1 од И.П.О. Галеб.

Тренинг за раководство на одреди

Во периодот од 07 до 09 Април 2017 година се оддржи тренингот за раководство на одреди во Извидничкиот Центар во Охрид..

Членовите на раководствата на извидничките одреди на СИМ заедно работеа на подобрување на работата на одредите преку споделување на искуства и вмрежување.

Работа на стратегија и акциски план се исто така дел од точките кои се покриени во агендата.



Раководствата на одредите исто така се запознаа и со целосната нова извидничка програма на СИМ и новиот систем на регистрација на членовите.

Овој настан беше поддржан од светската извидничка фондација Messengers of Peace.

Тренинг за климатски промени и намалување на ризик од катастрофи

Во истиот период како и Тренингот за раководство на одреди, 07 до 09 Април 2017 година, се оддржа и Тренингот за климатски промени и намалување на ризик од катастрофи.

За време на овој викенд младите извидници и водачи се запознаа со климатските промени и го освојуваа вештарството Климатски Промени, разработено од страна на FAO.

Овој настан беше реализиран во соработка со "Milieukontakt Macedonia" (member of Milieukontakt International Network), а поддржан од страна на Food and Agriculture Organization.



I Коло Извидничка Лига
44 Меморијал Марко Граорковски - И.П.О. Јадран - Скопје

Во периодот од 21-23 Април 2017 година, се оддржа првото коло од извидничката лига во организација на домаќинот И.П.О. Јадран од Скопје. Акцијата се оддржа во рамките на традиционалната акција ``Меморијал Марко Граорковски`` која се оддржува по 44ти пат. И оваа година акцијата беше оддржана во извидничкиот центар во Село Катлановска Брезица.

Темата на оваа акција беше Ориентација (Treasure Hunt). Целта на ова коло е учесниците да да го пронајдат богаството каде што собираат сегменти од мапата од секоја КТ и со собраните информации да ја комплетираат мапата каде се наоѓа богаството. На акцијата присуствуваа повеќе од 70 извидници од повеќе извиднички одреди како и гости извидници од Република Србија.



ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ

КАТЕГОРИЈА ИСТРАЖУВАЧИ

Име и Презиме	Одред	Т
Александар Стојановски	ИО Браќа Младеновци	100,25
Јован Божиновиќ	ИО Браќа Младеновци	100,25
Драгиша Андоновски	ИО Браќа Младеновци	100,25
Христијан Дојчевски	ИО Браќа Младеновци	100,25
Дарко Наумовски	ИПО Гаснеј	100,25
Вероника Чадиковска	ИПО Гаснеј	100,25
Теодор Трајковски	ИПО Гаснеј	100,25
Ема Ристовска	ИПО Гаснеј	100,25
Марко Петров	ИО Марко Маневски	75
Елена Горгиева	ИО Димитар Влахов	96,75
Мартин Гогиќ	ИО Димитар Влахов	96,75
Сара Ацкоска	ИПО Гаснеј	13,5
Јованка Голубовска	ИПО Гаснеј	13,5
Даниел Дичов	ИО Димитар Влахов	96,75
Виктории Стаменовиќ	ИО Димитар Влахов	96,75
Теодора Димитрова	ИО Феникс	93,75
Дина Ристовска	ИО Феникс	93,75
Владимир Гогаевски	ИО Феникс	93,75
Дарјан Јованоски	ИО Феникс	93,75
Александар Цветков	ИО Марко Маневски	75
Мартин Мојсовски	ИО Марко Маневски	75
Никола Стојановски	ИО Марко Маневски	75
Бојан Ѓорѓиевски	ИПО Гаснеј	13,5
Евгенија Голубовска	ИПО Гаснеј	13,5
Александра Поповска	ИО Феникс	3,5
Марко Тачевски	ИО Феникс	3,5
Филип Јовановиќ	ИО Феникс	3,5
Димитар Гаврилов	ИО Феникс	3,5

SCOUTS

Скаутски подбор свет

ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ

КАТЕГОРИЈА ИЗВИДНИЦИ

Име и Презиме	Одред	Т
Наташа Цветкова	ИО Гаџи Даскал	100,5
Тијана Спадова	ИО Гаџи Даскал	100,5
Јованка Цветковска	ИО Гаџи Даскал	100,5
Марија Тасиќ	ИО Гаџи Даскал	100,5
Ана Дадова	ИО Гаџи Даскал	107,75
Теодора Јошовска	ИО Гаџи Даскал	107,75
Јован Ивков	ИО Гаџи Даскал	107,75
Јасмин Ристевски	ИО Гаџи Даскал	107,75
Сара Спасоска	ИО Марко Маневски	145,25
Сара Спасоска	ИО Марко Маневски	145,25
Михаела Јорданоска	ИО Марко Маневски	145,25
Матеј Коциќ	ИО Марко Маневски	145,25
Ангела Богатинова	ИПО Гаснеј	130
Марко Стефановски	ИПО Гаснеј	130
Јана Стојковиќ	ИПО Гаснеј	130
Никола Христовски	ИПО Гаснеј	130
Ивана Петреска	ИО Марко Маневски	108,25
Викторија Аспоноска	ИО Марко Маневски	108,25
Христијан Христов	ИО Марко Маневски	108,25
Богдан Тошевски	ИО Марко Маневски	108,25
Катерина Поповска	ИПО Гаснеј	87
Елиот Вељановски	ИПО Гаснеј	87
Матеј Наумовски	ИПО Гаснеј	87
Емилија Трајковска	ИПО Гаснеј	87
Ярослави Јанјевска	ИО Феникс	73
Анастасија Митровска	ИО Феникс	73
Ева Гаргинова	ИО Феникс	73
Теодора Велковска	ИО Феникс	73
Виктор Ѓорѓиев	ИПО Гаснеј	46,5
Лукас Митевиќ	ИПО Гаснеј	46,5
Мирјана Хаџиевска Стојковска	ИПО Гаснеј	46,5

SCOUTS

Скаутски подбор свет

ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ

КАТЕГОРИЈА РОВЕРИ

Име и Презиме	Одред	Т
Никола Милошевски	ИО Феникс	100,5
Виктор Трајковски	ИО Феникс	100,5
Мартин Дамевски	ИО Феникс	100,5
Бојан Младеновски	ИО Феникс	100,5

SCOUTS

Скаутски подбор свет

II Коло Извидничка Лига

Се плашите ли од темнината? - И.О. М.М.-Брицо - Скопје

Следниот викенд веднаш се оддржи и второто коло од извидничката лига т.е. од 28-30.04.2017 година на која домаќин беше одред Методи Митевски Брицо од Скопје. Акцијата се оддржа во рамките на традиционалната акција ``Се плашите ли од темнината?``,а локацијата за оваа година беше повторно во Село Говрелво.

Темата на ова коло беше Ноќна ориентација, а целта е преку ноќната ориентација екипите да ги тестираат своите ориентациони способности во отежнати услови. Воедно преку самото натпреварување екипите ќе добијат познавање за заштита во планина и насоки на движење во такви услови.

На акцијата земаа учество повеќе од 50 натпреварувачи







III Коло Извидничка Лига
Прилеп Те Повикува! - И.О. Феникс - Прилеп

Во периодот од 05-07.05.2017 година се оддржа и третото коло од извидничката лига во организација на И.О. Феникс од Прилеп.

За домаќините (како релативно нов одред) ова беше нивна прва акција која беше организирана на високо ниво, а темата на акцијата беше Урбана Оринтација (ориентација преку загатки).

Урбаната Ориентација има за цел екипите со ориентација преку загонетки да се снајдат во урбана (градска) околина. Секоја контролна точка има загатки за наредната и секоја од точките се наоѓа на некое културно обележје каде екипите се запознаваат со градот и околината.

На акцијата се натпреварувааа преку 120 извидници во сите 3 категории.









Пролетни Бакнежи и Прегратки - Scout Impossible
Прв Скопски Извиднички Одред - Скопје

На 14 Мај 2017 година, Прв Скопски Извиднички Одред традиционално ја оддржа својата акција Пролетни Бакнежи и Прегратки со тема на акциајта Scout Impossible.



Акцијата беше еднодневна, која се оддржа во градскиот парк во Скопје, а на неа се натпреварувааа преку 100 извидници во 25 екипи од неколку скопски извиднички одреди на возраст до 13 години.

Првото место на оваа акција го зема екипа од Извидничко Поречански Одред Јадран.

IV Коло Извидничка Лига
И.О. Гоце Девчев - Свети Николе

Извидничката лига продолжува од 26-28.05.2017 година на која домаќин беше извидничкиот одред Гоце Делчев од Свети Николе.

Акцијата се оддржа во нивниот извиднички дом во Село Орел каде учество земаа повеќе од 100 натпреварувачи.

Темата на ова коло беше Прва Помош и Заштита. Ова коло имаше за цел екипите преку натпреварот да ги тестираат своите познавања од прва помош и да се надоградат во областа од страна на стручни лица од Црвен Крст на Р.М. и Сојуз на извидници на Македонија. Натпреварот се состоеше од сценирана несреќа со минимум по 5 повреди, каде екипата требаше да ја



тестира својата снаодливост и знаење во прва помош и да асистира при незгода.







V Коло Извидничка Лига
Водени Лудории - И.П. О. Галеб - Скопје

Јуни месец исто така го започнуваме со петото по ред коло односто на ден 10.06.2017 година. Ова коло беше организирано од страна на Извидничко Поречанскиот Одред Галеб од Скопје.

Колото се оддржа во рамките на традиционалната акција на И.П.О. Галеб под називот Водени лудории, а оваа година локацијата беше базентот Расадник во Кисела Вода.

Темата на ова коло беше Полигон на спретност, кое имаше за цел да ги развие психофизичките способности на натпреварувачите. Натпреварот се состоеше од еден голем полигон составен од 5 помали (5 контролни точки). Полигонот беше



составен од препреки, стапици, дупки на кои екипите треба да работат заедно за да ги преминат.

На ова коло се натпреварува преку 30 извидници.







Camping Fun
И.Е.О. Пионер - Охрид

Наредниот викенд односно 14-18.06.2017 година следува и четиридневната акција на Извидничко Езерскиот Одред Пионер од Охрид која беше организирана во Извидничкиот Центар во Охрид.

Традиционално на оваа акција по завршувањето на училишната година присуствуваат голем број на извидници односно преку 100 натпреварувачи кои се натпреваруваа во две категории (извидници и истражувачи).



Акцијата беше исполнета со работилници, активности и натпревари покрај Охридското езеро а во

вечерните часови следеше КЗП од страна на групата Креативити од Прилеп.

Првите места во двете категории припаднаа на екипи од И.П.О. Јадран.

30ти Средби на Извидници Струга
И.П.О. Крсте Јон - Струга



Во периодот од 25-27.08.2017 година се оддржа традиционалната акција 30ти по ред Средби на Извидници во Струга.

Акцијата беше организирана од страна на Извидничко Поречанскиот Одред Крсте Јон од Струга.

Акцијата беше исполнета со забавни активности и натпревари во извиднички вештини а воедно се натпреварувааа преку 40 извидници.

Генералниот пласман припадна кај И.П.О. Јадран од Скопје.

VI Коло Извидничка Лига
И.Е.О. Пионер - Охрид

На самиот почеток на месец Септември од 01-03.09.2017 година се оддржа и шестото коло од извидничката лига.

Ова коло беше организирано од страна на Извидничкиот Езерски Одред Пионер од Охрид.

Колото беше организирано во рамките на традиционалната акција на И.Е.О. Пионер - Преживување (Бивак). Темата на ова коло имаше за цел да симулира реална ситуација за преноќување во природа со користење на природни ресурси за изградба на тродневен престој во дивина. Секоја екипа имаше за цел самостојно да го изгради своето преноќувалиште.



Настанот се оддржа во Село Скребатно (Охрид) каде учествуваа околу 40 учесници од повеќе одреди.






VII Коло Извидничка Лига
И.О. Димитар Влахов - Велес

Во периодот од 08-10.09.2017 година се оддржа седмото по ред коло од извидничката лига.

Колото беше организирано од страна на Извидничкиот Одред Димитар Влахов од Велес а локацијата на настанот беше во нивниот извиднички центар во Село Голозинци во Чашка.

Темата на колото беше Традиционална [redacted] традиционалниот начин на извиднички натпревар во ориентација и топографија. Како дел од ова коло сите активности беа дел од традиционалната ориентација и материјали за цртање за време на стазата.

На колото присуствуваа преку 50 натпреварувачи.









VIII Коло Извидничка Лига
И.О. Мирко Милески - Кичево

Осмото по ред коло од извидничката лига се оддржа во периодот од 15-17.09.2017 година.

Колото беше организирано до страна Извидничкиот Одред Мирко Милески од Кичево во околината на градот, кое како акција е дел од програмата на одредот и воедно нивна традиционална акција.

Темата на колото беше Ориентација (запознај ја околината) кое имаше за цел преку ориентација извидниците да се запознаат со околината во која се оддржува натпреварот. Натпреварувачите требаат да се запознаат со флората и фауната на околината.

На ова коло присуствуваа повеќе од 50 извидници.









IX Коло Извидничка Лига
Есенски Бакнежи и Прегратки - ПСИО

Во периодот од 22-24.09.2017 година се оддржа и деветото по ред коло од извидничката лига.

Колото беше организирано од страна на Прв Скопски Извиднички Одред на една нова и малку поинаква локација т.е. Мала Река, Китка.

Ова коло беше на тема Едукативно коло (слободна тематика) која имаше за цел неформална едукација преку натпревар.

На ова коло се натпреварувааа околу 40 натпреварувачи.







X Коло Извидничка Лига
ДИОН 2017 - Сојуз на Извидници на Македонија

Долгоочекуваниот и традиционален натпревар ДИОН (Државен Извидnички Ориентационен Натпревар) се оддржа во периодот од 13-15.10.2017 година.

Долгоочекуваниот од причина затоа што е завршно десето коло од Извидничката Лига и конечно ќе се дознаат победниците од целокупната лига.

ДИОН се оддржа во планинскиот дом на Црвен Крст на Македонија кој се наоѓа на Средно Водно, во организација на Сојуз на извидници на Македонија.

Се натпреварувaа повеќе од 50 извидници во сите три категории односно Извидници, Истражувачи и Ровери, во различни извидnички дисциплини како ориентација, топографија, прва помош, сигнализација, тестови (извидништво, прва помош, општа култура), пионерство, полигон на спретност и слично.



Покрај натпреварувачите имавме и нови членови кои имаа можност да се запознаат со натпреварувачки активности кои ги нудиме.



По завршување на натпреварот сите учесници имаа хајк до Градскиот парк во Скопје каде беше организирано официјалното затворање на извидничката лига и прогласување на официјалните победници, како по екипи така и генерален пласман на одреди.


На затворањето на лигата не посетија повеќе од 250 извидници и пријатели а најинтересната работа во целиот настан беше што не се знаеше победникот до самиот крај.

Победниците во генералниот пласман можете да ги погледнете во табелата подолу.

За победниците следуваа големи награди како учество на светската смотра во Америка, Интерраил карти, камп опрема и многу ваучери.

Извидничката лига во глобала се покажа како успешна идеа, со што сигурно ќе прерасне во традиција.


Воедно најважно е да се наведе дека главен покровител на лигата беше Civica Mobilitas, а добивме и голема поддршка од Црвен Крст на Македонија, Мрдни со Прст и Армија на Република Македонија.



ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ

ИЗВИДНИЦИ



ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ

ИСТРАЖУВАЧИ



ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ


РОВЕРИ



ИЗВИДНИЧКА ЛИГА

ТЕКОВНИ РЕЗУЛТАТИ

ОДРЕДИ



Проектни активности

Проектните активности и оваа година продолжија на интезивно ниво како главен столб за организациски раст и развој на Сојузот на извидници на Македонија. Двете најголеми фондации беа Civica mobilitas и USAID за граѓанско учество.

Покрај фондациите оваа година имавме голем број на активности со партенрски организации како ЦМА КРИК и Сојузот на извидници на Франција каде се работеше акитвности за зголемување на познавањата и вештините на учесниците.

Сите проекти беа целосно посветени на организациониот развој кои преку извршените активности се зајакнуваше организацијата и се поддржуваа локалните единици.

See You Watching Me - подготовка на програми



Во периодот од 02 до 05 февруари 2017 година се оддржа првата парнерска проектна активност помеѓу Сојуз на извидници на Македонија и Центар за Младински Активизам КРИК. Ова беше прв парнерски настан за двете организации за припремање на програмата од проект кој беше наменет да трае во текот на целата 2017 година. Проектните активности беа финансирани од Детскиот фонд на Обиденети нации (УНИЦЕФ и Европска Унија). Целта на проектот беше да се зголеми социјалната инклузија на младите лица со попреченост во активности од неформално образование, да се зајакне комуникацијата помеѓу младите лица со попреченост и без, да се истражи креативноста и различните култури преку социјална инклузија, да се зголеми свесноста за правата на децата со попреченост преку презентирање на резултатите од програмите во различни градови во Македонија и да се осврне поглед кон капацитетите на лицата со попреченост и што се тие можат да постигнат. На овој настан присуствуваа околу 30 учесници од двете организации кои како што наведовме ги подготвуваа своите програми кои ќе ги спроведуваат.

Во наредните неколку месеци групи од повеќе градови (Скопје, Прилеп, Кичево) организираа активности со учениците од училишта за посебни потреби во своите општини.
Активностите беа исполнети со креативни и интерактивни работилници да ги поттикне учениците во нивниот развој и комуникација.







ЦМА КРИК и Сојуз на извидници на Македонија во планот на проектот исто така имаа и три кампови во летниот период. Камповите се оддржуваа во Извиднилкиот Центар во Охрид каде се вкупно присуствуваа преку 200 учесници. Учесниците беа извидници од Македонија и Франција, членови на ЦМА КРИК како и млади со попреченост. На камповите се работеше на вмрежување и инклузија на младите со попреченост каде сите заедно држеа сесии различности, комуникација, стереотипи, предрасуди но и голем број на забавни активности како логорски оган, сплаварење и слично.

На 12 декември 2017 година се оддржа и завршната активност на овој проект. Конференцијата ``Младите лица со попреченост во секојдневниот живот`` се оддржа во НУБ ``Св. Климент Охридски`` во Скопје каде што беа презентирани искуствата на неколку учесници во различните делови од проектот: младинските програми и младинските кампови како и нивните гледишта на тематиката на самата конференција. На настанот беше промовирана и публикација која беше составена како резултат на проектот. Конференцијата ја посетија преку 100 посетители од повеќе владини и невладини сектори како и голем број на млади лица со посебни потреби.



Извиднички караван



Во месец Март продолживме повторно со ланскиот проект за извиднички караван. Првиот караван беше оддржан во Крушево заедно со Извидничкиот одред Стара Корија каде што презентацијата ја направивме на три локации. Основното училиште Никола Карев, средното училиште Наум Наумовски Борче и Градскиот плоштад.

Караванот продолжи со истите активности во Градскиот парк во Скопје, во склоп на една од акциите на И.П.О. Јадран, каде не посетија голем број на луѓе.

Во месец Мај караванот продолжни кај најновиот одред т.е. И.О. Ластовица каде заедно со 40тина извидници им го презентиравме извидништвото на граѓаните од Кочани.

Во месец Јуни се оддржа уште еден караван во Општина Шуто Оризар. Караванот беше дел од настанот ``Трчаме заедно`` на ЦСИ Надеж каде заедно со учесниците на маратонот направивме изведовме неколку креативни работилници.

Извидничкиот караван имаше за цел да ги запознае младите со извидничката организација како и да ги поттикне да водат активен живот преку истата.

Беа исполнети со разни активности како стреличарство, стрелаштво, правење десерти, дешифрирање пораки но и споделување информации и делење промо материјали за извидништвото.

Проектот е поддржан од Civica Mailitas.



Младинска Академија

Во периодот од 13ти до 17ти април 2017 година, Сојуз на извидници на Македонија во Извиднички Центар Охрид ја организираше својата прва Младинска академија.

Младинската Академија е настан од проектот на Сојузот на Извидници на Македонија, ``Извидниците за активно општество``, кој е финансиран од програмата Цивика мобилитас на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ) од Шведска.

Учество на оваа академија земаа повеќе од 60 млади од повеќе младински организации од Македонија. Академијата беше настан кој беше наменет за малдите кои се активни во граѓанските организации и имаат желба да го наградат своето знење за подобро водење и менаџирање во своите организации. Академиајта исто така им овозможи на учесниците да се стекнат со вештини кои се исклучително важни за повеќе сегменти од водењето на организацијата, водење и спроведување на иницијативи или било какви процеси за акција.

На овој настан младите имаа можност сами да ја креираат својата програма и да изберат помеѓу 28 тренинг сесии.

Фацилитатори на академијата беа докажани младински работници и тренери од Сојуз на извидници на Македонија, Национален Младински Совет и Европски Извиднички Регион.



Active citizens through scouting

Во периодот од 10-16 и 11-13 јули 2017 година во Извидничкиот Центар Охрид беа организирани два кампа за млади чија цел имаше креирање на Активни граѓани преку извидништво. На камповите земаа учество преку 90 млади извидници од повеќе одреди од Сојуз на извидници на Македонија, Сојуз на извидници на Франција како и млади од Центарот за Социјална Инклузија ``Надеж`` и Сојузот за развој на Ромската заедница ``Сумнал``.



Камповите беа исполнети со работилници и сесии за инклузија на ромите во извидништвото. Овие кампови беа поддржани од Амбасада на Холандија во Македонија.



Мрдни со прст - Не е карневал ама можеш да се приклучиш

На 5ти август 2017 година ја направивме првата активности од иницијативата Мрдни со прст. 50 извидници од повеќе извиднички одреди од Македонија како и група на извидници од Франција работеа целодневно на новиот младиски центар во село Вишни, Вевчани. Во заедничка соработка со Општина Вевчани, месна заедница Вишни и неколку компании во старото училиште се менуваа нови прозори, се фарбаа ѕидови, се заштитуваа дрвени столбови, се репарираа скали, се постави светлосен знак, се засадија нови дрва, се исчисти целиот објект и терен и многу други активности.



Младинска академија 1.1

Во периодот 20 до 23 октомври 2017 година се оддржа и втората академија односно продолжение на првата под насловот Младинска академија 1.1 која беше организирана во Извидничкиот Центар во Охрид.

На оваа академија агендата беше на темата лидерство со наслов ``Време за лидерство``, на која агендата со сесии беше прилагодена според потребите на учесниците, односно учесниците имаа избор на сесии според кои они можат да ги надоградат вештини кои им се потребни. Учесниците можеа да бираат помеѓу 15 интерактивни сесии и 3 панел дискусии.

На оваа академија присуствуваа преку 100 извидници и млади луѓе кои развија вештини за лидерство, партнерство, регрутација на волинтери, менаџмент и слично.

Во склоп на академијата, во периодот од октомври до декември 2017 имавме и отворени денови т.е. ден за идентификација каде на 4 локации (Скопје, Прилеп, Охрид и Кичево) беа запишувани потребите на општините. Севкупно на овие отворени денови имавме преку 300 посетители и преку 150 идеи

Овој проект беше поддржан USAID - Проект за граѓанско учество.







Мрдни со прсти - Ново домче за нов старт

На 17 ноември 2017 година ја направивме и втората иницијата од Мрдни со прст под насловот Ново домче за нов старт. Со самото отварање на новиот извидnички одред ``Просперитет`` така започнавме и со иницијативата. Преку 40 извдници од И.О. Браќа Миладиновци и И.О. Просперитет и 20 членови на ЦСА Надеж и Сумнал беа дел од иницијативата каде еден стар објек се претвори во прекрасно домче за новиот одред.



Најголемата активност на иницијативата беше чистење на отпадот околу домчето а покрај тоа се бојадисуваа и ѕидовите, се постави нови прозори, детално се исчисти во и надвор од домчето и се набавија потребни материјали за безпрекорно функционирање на новиот одред.

Младинска академија 1.2

Во периодот од 25 до 26 ноември 2017 беше организирана и последната академија за оваа година под името ``Парите не растат на дрво``. Оваа дводневна академија се оддржа во Скопје во Домот на Градежници. Настанот имаше за цел да им овозможи на младите да се стекнат со вештини од областа на подготовка на проектни апликации и кампањи за финансирање. Обучувачи на тренингот беа докажани тренери од Сојуз на извидници на Македонија, Национален Младински Совет и Европски Извиднички Регион. На настанот присуствуваа 20 извидници од повеќе извиднички одреди.

